# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*


| Службен гласник | Број 1 | |
|---|---|---|
| на Општина Штип | 5 февруари 2009 година | ГОДИНА XLVI |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


1.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ПОТПИСНИК НА СПОГОДБАТА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ
НА ПЛАЌАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ НА ЈП „ИСАР“
КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

I

Се објавува Одлуката за овластување потписник на Спогодбата за уредување на начинот и роковите на плаќање на долговите на ЈП „Исар“ кон ЕВН Македонија ад Скопје.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-245/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

2.

Во врска со член 77 став 1 и член 78 став 1, а врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ПОТПИСНИК НА СПОГОДБАТА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ
НА ПЛАЌАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ НА ЈП „ИСАР“
КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Член 1

Се прифаќа Спогодбата за уредување на начинот и роковите на плаќање на долговите на ЈП „Исар“ кон ЕВН Македонија ад Скопје.

Член 2

Се овластува градоначалникот на Општина Штип да ја потпише Спогодбата од член 1 по извршената презентација и верификација од Советот на Општина Штип.

Член 3

Составен дел на Одлуката е Спогодбата за уредување на начинот и роковите на плаќање на долговите на ЈП „Исар“ кон ЕВН Македонија ад Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување-то, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-245/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

3.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ
НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-246/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

4.

Врз основа на членовите 29А, 29Б, 29В, 29Г и 29Д од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 36/90 и „Службен весник на РМ“ број 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07 и 161/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ
НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип број 0701-3876/1 од 26 декември 2007 година („Службен

гласник на Општина Штип“ број 20/07), во член 2 став 1 бројот „70“ се заменува со бројот „84“.

Член 2

Во член 3 после ставот 1 се додаваат два нови става кои гласат:

„Надоместокот за патни и дневни трошоци за присуство на седници на помошните тела се исплатува само во еднократен износ иако во текот на денот советникот учествувал во работата на две или повеќе помошни тела“.

„Надоместокот за патни и дневни трошоци за присуство на седница на помошно тело ќе се исплатува во еднократен износ и во случај кога седницата ќе биде прекината и одржана (продолжена) во некој друг термин“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-246/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

5.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
## ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЕН ОБЈЕКТ -
## АВТОБУСКА ПОСТОЈКА НА УЛИЦА „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“

I

Се објавува Одлуката за изградба на сообраќајна постојка на ул. „Васил Главинов“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-247/2
5 февруари 2009 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

6.

Врз основа на член 21 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), а во врска со точка 2 од Одлуката на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Штип број 39/08 од 9 октомври 2008 година, Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## О Д Л УК А
## ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЕН ОБЈЕКТ - АВТОБУСКА ПОСТОЈКА НА УЛИЦА „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“

Член 1

Со оваа Одлука се определува изградба на сообраќаен објект - автобуска постојка на улица „Васил Главинов“ пред ОУ „Ванчо Прке“.

Член 2

Сообраќајниот објект - автобуска постојка од член 1 на оваа Одлука да биде изградена од десната страна во правец на одвивање на сообраќајот надвор од коловозот и по сите стандарди и нормативи за изградба на ваков вид објекти.

Член 3

Се задолжува ЈП „Штип проект“ Штип да изработи основен проект за реализација на автобуската постојка од член 1 на оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-247/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

7.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА
## РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за преземање на основачките права на Работнички универзитет „Ванчо Прке“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-248/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

8.

Врз основа на член 49 и 50 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на РМ“ број 07/08), член 3 од Законот за установите („Службен весник на РМ“ број 32/05) и член 21 точка 21 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА
## НА РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП

Член 1

Општина Штип ги презема основачките права на Работничкиот универзитет „Ванчо Прке“-Штип.

Работничкиот универзитет „Ванчо Прке“-Штип продолжува да работи како Општинска установа за образование на возрасни „Ванчо Прке“-Штип.

Член 2

Просторот за работа, средствата за работа и средствата за плати на вработените ги обезбедуваат вработените преку самофинансирање и со истите сами ќе располагаат со вршење на дејноста од став 2 на член 1.

Член 3

Организацијата на Установа за образование на возразни „Ванчо Прке“-Штип ќе се утврди со статут.

Член 4

Се задолжува Установа за образование на возрасни „Ванчо Прке“-Штип да се регистрира согласно Законот за установите и Законот за образование на возразните.

Се овластува досегашниот раководител да ги превземе сите активности околу регистрацијата на Установата за образование на возрасни „Ванчо Прке“-Штип.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-248/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

9.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-249/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

10.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Здружение за борба против малигни заболувања „Нов живот“ за организирање на проектна активност „Развивање на меѓусекторска соработка во промоцијата на здравствената превенција и култура на јавно здравје и здрав живот“ – 10.000,00 денари.
2. Ансамбл на народни песни и ора Тоска“ за оранизирање на фестивалот на детски песни – Песни под елка Штип-2008“ – 15.000,00 денари.
3. Јорданчо Смилев за печатење на книгата „Што вика он“ – 10.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-249/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

11.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-250/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

12.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

### Член 1

Се доделуваат финансиски средства за лекување на:

1. Јасмина Мијалкова – 8.000,00 денари.
2. Марина Миланова – 8.000,00 денари.
3. Лидија Донева – 8.000,00 денари.

### Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-250/1
30 јануари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

13.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА
УО НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

I

Се објавува Решението за именување членови на УО на ФК „Брегалница 2008“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-251/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

14.

Врз основа на Заклучокот за финансирање на ФК „Брегалница 2008“ број 0701-2107/1 од 27 август 2008 година и член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА
УО НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

1. За членови на УО на ФК „Брегалница 2008“ од членовите на Советот на Општина Штип **се именуваат**:

- Миланчо Ѓеоргиев
- Драги Илиев, с. р.

- Борче Коцев
- Горан Даскалов
- Митре Димов
- Крсте Митев
- Драган Торов
- Ванчо Хубрев

2. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-251/1
30 јануари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

15.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ – ШТИП

I

Се објавува Решението за именување на членови на УО „Тошо Арсов“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-252/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

16.

Врз основа на член 124 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ број 103/08) и член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР
ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ – ШТИП

1. За членови на Училишниот одбор во Основното училиште „Тошо Арсов“ – Штип, како претставници од основачот, **се именуваат**:
- **Никола Илиев**
- **Олга Давчева**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-252/1 | Претседател |
| 30 јануари 2009 година | на Советот на Општина Штип |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

17.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ПЕРИОД
01.07. ДО 30.09.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07. до 30.09.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-253/2
5 февруари 2009 година
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

18.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ПЕРИОД 01.07. ДО 30.09.2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период 01.07. до 30.09.2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-253/1
30 јануари 2009 година
Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

19.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ
## НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ
## ЗА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови за 2008/2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-254/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

20.

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08), член 46 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/99) и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ
## НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ
## ЗА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови за 2008/2009 година со следниот **заклучок**:

- При реализацијата на програмата директно да се применуваат одредбите од член 22 став 1 од Законот за јавна чистота и член 15 став 1 од Одлуката за одржување на јавната чистота.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-254/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

21.

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008/2009 ГОДИНА
ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

**1. Општ дел**

Врз основа на член 56 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ број 26/96) и точка 3.2 член 46 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип број 08-388/1 од 10.06.1999 година со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на улиците во град Штип како и локалните патишта во Општина Штип, опфатени со Генералниот урбанистички план во зимски услови во сезоната 2008/2009 година.

Поради ефектното дејствување по Програмата треба да бидат земени во предвид следните моменти и тоа:

1. Степен на подготвеност (приправност);
2. Приоритет на дејствување;
3. Увид и информираност
4. Употреба на механизација;

5. Употреба на работна рака;
6. Финансирање на програмата.

## I. Степен на подготвеност

Критериумот на степенот на подготвеност е настанатата временска ситуација која секојдневно се прати преку средствата за информирање.

Приправноста започнува на 5 ноември секоја календарска година, завршува на 15 март наредната година.

Степенот на приправност ќе го оценува Советот на општината и Советот за безбедност на сообраќајот.

Според настанатата ситуација во тој период имаме три степени на приправност и тоа:

Прв степен

Календарски е веќе започната зимата, меѓутоа ситуацијата во секојдневниот сообраќај и комуникациите е нормална.

Во пунктот се е во исправна состојба, количеството на сол и ситен песок е доволна, а расположивата механизација е исправна.

Потребната количина на сол е од 75 тона, а на ситен песок околу 150 $м^3$, кои количества се доволни за потребите на градската улична мрежа и локални патишта во просечни зимски услови.

Втор степен

Настанува кога осетно се намалува температурата и се очекуваат врнежи од снег.

Се превземаат превентивни мерки за посипување на улиците од прв приоритет со сол.

Овој степен на приправност трае и со почнувањето на врнежи од снег но истите се совладуваат со расположивата механизација опфатена со планот за дејствување.

Трет степен

Настапува кога снежните врнежи и други појави не можат да се совладаат со расположивата механизација и луѓе опфатени со планот за дејствување.

Веќе се активира штабот на Агенцијата за справување со кризи и координирано се настапува во ублажувањето на временските прилики.

## II. Приоритет на дејствување

Заради важноста на комуналните објекти и тоа што тие поврзуваат, се наметнува и приоритетноста во дејствувањето во зимски услови. Ако пак

посматрано од економски причини не е прифатливо и потполно целосно одржување на градската улична мрежа  и некои делови на локалната патна мрежа, затоа уличната мрежа и локалните патишта ќе ги рангираме заради приоритетната благовремена интервенција и за ублажување на зимските прилики.

А/ Прв приоритет

Кога веќе зимските услови најавуваат загрозување на зимскиот сообраќај во зимскиот период се пристапува кон следното:

Превентивно посипување со сол за да се спречи појавата на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со редовното посипување со сол и песок се до нејзиното отклонување.

При интензивни врнежи од снег неминовно е негово отстранување од коловозот, со пренесување до најблиското корито на река Отиња или Брегалница.

Чистењето на коловозот се врши со широчина од 2,5 м. на една коловозна лента така да очистениот во двата правца изнесува 5,0 м.

Коловозот треба да е прооден за сообраќај до 5 часот наутро на улиците кои со Оперативниот план се ставени во прв приоритет, сообраќајот да се одвива со намалена брзина, согласно Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за патишта.

Во првиот приоритет влегуваат објектите: Болница, Клисура, УВР, Пожарна, Пекара на “Макпромет”, Депонија, Филтер Станица и улиците: “Партизанска”, “Сремски Фронт”, дел од улица “Борис Крајгер”, “Сајбие Демир”, дел од “Пиринска”, “Сутјеска”, “Гоце Делчев”, “Железничка”, “делот од “Железничка” до спојот со магистралниот пат Велес-Кочани”, “Брегалничка”, Камен мост на р. Брегалница (Мал одмор), Касарни, населба “Пребег”, “Маршал Тито”, “Ванчо Прке”, “Михајло Апостолски”, “Тодор Коларов”, дел од ул. “Борко Талев”, од почетокот до Стариот здравен дом, кеј “Димитар Влахов”, излез Клисура, “Борис Кидрич”, “Чатал”, “Васил Главинов”, “Христијан Карпош”, “Јосиф Ковачев”, населба “Дузлак”, “Крушевска Република”, “Лески”, влез на “Баби 5”, “Славчо Стојменски”, “Панче Караѓозов” со вкупна должина од 30.00 км.

Б/ Втор приоритет

Ширината на очистениот коловоз во еден правец да изнесува 2,0 м. во двата правца широчината на коловозот е 4,0 м. Исто така на секој 50-100 м. ќе се направи проширување за разминување на возилата.

Едносмерните улици се чистат во широчина од 2,5 м. на коловозната лента. Чистењето да се изврши најкасно за 8 часа од престанокот на врнежите.

Исчистениот коловоз треба да е подготвен за одвивање на сообраќајот со осетно намалена брзина. Повремено се врши посипување со сол заради појава на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со посипување со сол и песок се до нејзиното отстранување.

Сообраќајот може да се прекине со координација на сообраќајната полиција, а возилата се упатат по други улици се до очистување на критичното место.

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: "Вита Поп Јораданова", "Мирче Ацев", Медицинско училиште, дел од ул. "Љубен Иванов", "Тодор Коларов", покрај зидот на градска болница, "Васил Доганџиски", дел од ул. "Борко Талев"(до дуќанчето), дел од ул."Јоаким Стојков", (до самопослугата) "Блок 77" главна улица,"Блок 85" (главна улица), "Сутјеска" до диспанзерот, ул. "Иван Рибар", ул. "Радански пат", "Еврејска", "Вардарска", "5-та Партиска Конференција", "Солидарност", "7-ми Конгрес", "Боро Арсов", "Булевар ЈНА" со вкупна должина од 12.10 км.

Во вториот приоритет ја сврстуваме и локалната патна мрежа со користење на расположива механизација што е за градското подрачје само во случај истата да е слободна без потреба за интервенција во градот и прилазите, во спротивно се активираат договорите и градежните оперативи, со кои истите се ангажирани за секој локален правец посебно со своја задача и оперативен план.

Должината на локалната патна мрежа која се одржува изнесува 32.10км.

В/ Трет приоритет

Во третиот приоритет влегуваат сите останати улици во градот каде пристапот на механизација е невозможен, истите ќе се чистат со интервенција на граѓаните со координација на месните заедници.

## III. Увид и информираност

1. Увид

Обиколката на теренот ќе се врши со патнички возила со кои располагаат групите што се вклучени во Зимската служба, во потешки случаи се користат теренски возила од Штабот за цивилна заштита како и од Собрание на Општина Штип, а информациите ќе се примаат од истите групи како и од органите на УВР и претпријатието "Македонија пат" РЕ Штип.

Увидот ќе биде поприсутен на локалната патна мрежа поради оддалеченоста и на патните правци, а во градското подрачје истото ќе го вршат одговорните лица на дадената смена. Истите лица задолжително од предходната смена ќе добиваат извештаи за состојбата и за ефектот на постигнатата работа записнички со прилог во дневник во координација со сообраќајната полиција.

2.Информираност

Од Оперативната група што е на терен и одговорните на групите што вршат увид на лице место, а користејќи ги информациите од јавните средства за информирање како и службата на УВР преку врска се известува дежурниот во службата задолжен за прием и известување стациониран во просториите на ЈП "Штип-проект"-Штип кој истовремено координира со Штабот за цивилна заштита како и со Центарот за известување и тревожење, а истовремено за текот на работите ќе бидат известувани и органите за безбедност на сообраќајот за нивна евентуална интервенција како и АМСМ.

## IV. Употреба на механизација

Во планот за зимско одржување ќе бидат опфатени најнеопходните машини со кои можат да се совладат временските неприлики во рамките на нормални зимски услови, во спротивно, за временски непогоди ќе се активира и дополнителна тешка механизација во координација со Штабот за цивилна заштита.

За градското подрачје се ставени на располагање следните машини: трактор за утовар, ФАП-дуплак со плуг и соларка, ТАМ со плуг и соларка и универзална машина CAD D - 428.

За ангажирање на градежната оператива постигнати се договори за нивно учество со потребна механизација.

## V. Употреба на работна рака

За градското подрачје ЈП "Штип-проект" ќе ангажира мин. три возача по потреба општи работници и два раководители. Истите ќе влезат поименично во прилогот на Оперативниот план за одржување на сообраќајниците и локалните патишта во зимски услови.

**Напомена**:

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите во и околу школските објекти организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите пред деловните простори ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на просторот што го зафаќа во должина на тротоарот. Тротоарите на мостовите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", "Мал одмор", Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 110 км. или 550.000 м$^2$.

## VI. Финансирање

Со Програмата за 2008/2009 година планираме дека се потребни вкупно 2.360.000,00 денари и тоа:

- употреба на возила 800.000,00 денари (амортизација, гориво, резервни делови)
- услуги од друга градежна оператива 560.000,00 денари.
- работна рака (дежурства и редовна плата) 640.000,00 денари.
- материјал (песок , сол, ладна асфалтна маса и др.) 360.000,00 денари.

Средствата треба да бидат обезбедени од Советот на Општина Штип.

Стварните трошоци ќе се утврдат по изготвување на градежна книга заверена од овластено лице на локалната самоуправа по која ке се врши зафаќање од средствата за зимско одржување.

# *О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н*

Стационирањето на луѓето и механизацијата ќе бидат во пунктот позади Градскиот базен а приемот на информациите и понатамошното известување ќе биде во пунктот на телефон број 391-922.

Првото активирање на целокупната група вклучена во зимско одржување ќе го изврши директорот на ЈП "Штип-проект"-Штип дипл.екк. Марјан Лазаревски.

Понатамошниот тек на дејствување на оперативните групи ќе биде според оперативниот план и директна одговорност на раководителите на групите.

**Прв приоритет**

Критични места каде треба да се обрати посебно внимание:

- болница
- клисура
- ул. “Гоце Делчев” (од Црква “Св. Никола” до ул.”Ванчо Прке”; од ул. “Партизанска” до надвозник кај “Македонија пат'; и од “Мал одмор” до фабрика “Астибо”
- ул. “Партизанска” (од надвозник кај “Македонија пат” до Дом на млади)
- ул. “Борис Кидрич”
- ул. “Сремски Фронт”
- спојка “Сењак-Баби”
- ул. “Крушевска Република”

Улиците од 1. приоритет ќе се минуваат по следниот редослед: Болница, Клисура, УВР, Пожарна, Пекара на “Макпромет”, Депонија, Филтер станица и улиците: “Партизанска”, “Сремски Фронт”, дел од улица “Борис Крајгер”, “Сајбие Демир”, дел од “Пиринска”, “Сутјеска”, “Гоце Делчев”, “Железничка”, делот од “Железничка” до спојот со магистралниот пат Велес-Кочани”, “Брегалничка”, Камен мост на р. Брегалница (Мал одмор), Касарни, населба “Пребег”, “Маршал Тито”, “Ванчо Прке”, “Михајло Апостолски”, “Тодор Коларов”, дел од ул. “Борко Талев”, од почетокот до Стариот здравен дом, кеј “Димитар Влахов”, излез Клисура, “Борис Кидрич”, “Чатал”, “Васил Главинов”, “Христијан Карпош”, “Јосиф Ковачев”, населба “Дузлак”, “Крушевска Република”, “Лески”, влез на “Баби 5”, “Славчо Стојменски”, “Панче Караѓозов” со вкупна должина од 30.00 км.

**Втор приоритет**

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: “Вита Поп Јораданова”, “Мирче Ацев”, Медицинско училиште, дел од ул. “Љубен Иванов”, “Тодор Коларов”, покрај зидот на градска болница, “Васил Доганџиски”, дел од ул. “Борко Талев” (до дуќанчето), дел од ул. “Јоаким Стојков”, (до самопослугата) “Блок 77” главна улица, “Блок 85” (главна улица), “Сутјеска” до диспанзерот, ул. “Иван Рибар”, ул. “Радански пат”, “Еврејска”, “Панче Караѓозов”, “Вардарска”, “5-та Партиска Конференција”, ”Солидарност”, “7-ми Конгрес”, “Боро Арсов”, “Булевар ЈНА”. Редоследот на чистење на улиците од II приоритет го определува дежурниот раководител.

Во втор приоритет влегува и Локалната патна мрежа.

Во колку возилото определено за чистење на прв приоритет обезбеди нормално функционирање на сообраќајот се упатува на расчистување на Локалната патна мрежа во спротивно ако е потребно се активираат

договорите склучени со градежната оператива задолжени за посебни реони од истата.

**Трет приоритет**

Во трет приоритет влегуваат останатите улици од град Штип каде што не е можен пристап на механизација.

Истите се чистат од граѓаните во ширина на нивните дворни места во координација со месните заедници.

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите во и околу школските објекти организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите испред деловните простории ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот.

Пешачките мостови со тротоарите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.

**Напомена**:

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок. Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", "Мал одмор", Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 110 км. или 500.000 м$^2$.

ЈП „Штип-проект"-Штип
Директор

Марјан Лазаревски, с. р.

22.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА
И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-255/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

23.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08), член 46 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/99) и член 21 точка 12 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА
И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2009 година со следниот **заклучок**:

- Да се изврши санација на тротоарот на ул. „Борис Кидрич“ и реконструкција на тротоарот пред ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ доколку се обезбедат средства од ЈП „Штип-проект“.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-255/1 Претседател
30 јануари 2009 година на Советот на Општина Штип,

Ш т и п Драги Илиев, с. р.

24.

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА
И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

**Вовед**:

При изготвувањето на оваа Програма се тргна од најургентните и реалните можности за изградба и одржување на локалната патна мрежа во Општина Штип.

При состојба на недоволно финансиски средства за поголеми градежни активности за реконструирање и изградба на сообраќајна инфрастуктура особено на магистралните улици со предвидените наменски средсва од фондот за магистрални и регионални патишта (кои се очекуваат да бидат на минатогодишно ниво), Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општината Штип е проектирана на 19.000.000,00 денари со можност за нејзино проширување.

1. **Извори на средства за финансирање на активностите за изградба и одржување локални патишта и улици**

Планираните извори за финансиски средства за финансирање на активностите за изградба и одржување на локалните патишта и улици се:

1. Средства од Агенцијата за државни патишта – 10.500.000,00 денари
2. Средства од Буџетот на Општина Штип – 8.500.000,00 денари

**Вкупно: 19.000.000,00 денари**

Средствата од Буџетот на Општина Штип ќе бидат распределени на следниот начин:

1. за зимско одржување на локални патишта и улици – 2.360.000,00 денари
2. за редовно одржување на локалните патишта и улици – 6.640.000,00 денари
3. за изградба и реконструкција на улиции и патишта – 100.000,00 денари

**1. Активности**

**2.1. Зимско одржување на локалните патишата и улици**

1. Крпење на ударни дупки со ладна асфалтна маса – 60.000,00 денари
2. Набавка на абразивни средства (сол и сепариран песок) – 300.000.00 денари
3. Трошоци за механизација и работна рака на зимска служба –2.000.000.00 денари

**Вкупно: 2.360.000,00 денари**

**2.2. Редовно одржување на локалните патишта и улици**

1. Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса 2.200.000,00 денари
2. Крпење на ударни дупки со камена коцка 730.000,00 денари
3. Крпење на ударни дупки со бетон 100.000,00 денари
4. Обележување на хоризонтална сигнализација 1.200.000,00 денари
5. Одржување на вертикална сигнализација 200.000.00 денари
6. Одржување на семафорска сигнализација 200.000.00 денари
7. Одржување (реконструкција) и чистење на атмосферската канализација (замена на улични сливници, тиролски решетки поправка на ревизиони шахти) 500.000,00 денари
8. Чистење на одрони и наноси 60.000,00 денари
9. Чистење на отворени бетонски канали 300.000,00 денари
10. Чистење на отворени земјани канали 400.000,00 денари
11. Одржување и поставување на метални огради 250.000,00 денари
12. Одржување и поправка на банкини, канафки, потпорни и обложни ѕидови и заштита на косини со поставување на заштитна мрежа 500.000,00 денари

**Вкупно: 6.640.000,00 денари**

## 2.3. Изградба и реконструкција на улици

### 2.3.1. Изработка на инвестиционо техничка документација

- Изработка на основен проект за тротоари на ул. "Лески ","Родољуб Чолаковик" и ул."Борис Крајгер"
- Изработка на основен проект за тротоари на ул. "Михајло Апостолски"
- Изработка на сообраќајни проекти на крстосници:
  - кај Стопнаска банка
  - кај црква Св."Никола"
  - ул."Сремски Фронт - Борис Крајгер"
- Изработка на основен проект за реконструкција на дел од улица "Борко Талев" почнувајки од ул."Васил Главинов"

**Вкупно: 650.000,00 денари**

### 2.3.2. Вршење надзор на објекти во изградба

**Вкупно: 150.000,00 денари**

### 2.3.3. Изградба и реконструкција на сообраќајници

- Реконструкција на тротоари на ул "Михајло Апостолски" ------------------- 1.000.000,00 денари
- Асфалтирање на втор слој на ул "Васил Доганџиски" ---------------------- 1.000.000,00 денари
- Изградба на тротоар на ул."Лески", "Родолуб Чолаковиќ" и "Борис Крајгер" - 1.500.000,00 денари
- Изградба на дел од канал за атмосферска вода на ул."Питу Гули" ------ 200.000,00 денари
- Реконструкција на дел од улица "Вардарска" – 3.500.000,00 денари
- Изградба на тротоар во нас."Железничка-Насеље" – 2.000.000,00 денари

**Вкупно: 9.200.000,00 денари**

**Вкупно 2.3.1, 2.3.2, 2.3.3. = 19.000.000,00 денари**

Врз основа на напред истакнатото и во зависност од приливот на средствата од Буџетот на Општина Штип, можни се измени и дополнувања на активностите во оваа Програма.

## Преодни и завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Оделението за комунални дејности, а реализацијата ја врши ЈП „Штип-проект"-Штип, како задолжен за одржување на сообраќајниците во Општина Штип.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува до донесувањето на Програмата за 2010 година.

ЈП „Штип-проект“-Штип
Директор

Марјан Лазаревски, с. р.

25.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за јавно осветлување за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-256/2 | Градоначалник
5 февруари 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

26.

П Р О Г Р А М А
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2009 ГОДИНА

Одржувањето на јавното осветлување е јавна комунална дејност што во надлежност на општините е дадена согласно член 3 точка 12 од Законот за комунални дејности.

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржување на јавното осветлување во исправна состојба.

Финансирањето на оваа дејност се врши со средства собрани врз основа на комуналната такса за јавно осветлување која се наплатува на сметката за

потрошена електрична енергија од страна на ЕСМ-ЕВН Штип според типот на потрошувачите по цена за секое броило за мерење на електричната енергија и тоа:

1. домаќинства..........................................................по 25 кВ/ч
2. објекти на трговски друштва и занаетчии.............по 50 кВ/ч
3. 10 кВ потрошувачи................................................по 100 кВ/ч
4. 35 кВ потрошувачи................................................по 150 кВ/ч
5. 110 кВ потрошувачи..............................................по 300 кВ/ч

И во 2009 година одржувањето на јавното осветлување ќе го врши изведувачот „Дигитал“ дооел Струмица со кој што Општина Штип има склучено Рамковна спогодба број 0306-636/13 од 29 април 2008 година во траење од 3 години, согласно член 115 и 116 од Законот за јавните набавки.

За одржување на јавното осветлување во 2009 година, во Буџетот на Општина Штип е потребно да се предвидат средства во висина од **20.000.000,00 денари**, но реализацијата на истите секако ќе зависи од процентот на наплатата на електричната енергија од потрошувачите.

Во 2009 година се планира, средствата собрани од комуналната такса за јавно осветлување да се искористат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | потрошена електрична енергија | 12.000.000,00 |
| 2. | репроматеријал | 1.600.000,00 |
| 3. | монтажа на репроматеријалите | 3.000.000,00 |
| 4. | монтажа и демонтажа на новогодишни украси | 100.000,00 |
| 5. | преместување на дел од електричните броила надвор од трафостаниците | 400.000,00 |
| 6. | инвестиции | 2.900.000,00 |
| | Вкупно: | 20.000.000,00 |

И во 2009 година како програмска задача се предвидува преместување на дел од електричните броила надвор од трафостаниците заради непречен пристап до т.н. тајмери кои го контролираат вклучувањето и исклучувањето на јавното осветлување. Иако оваа активност беше предвидена и во 2007 и во 2008 година, истата не е извршена и покрај нашето писмено барање (и ургенција) упатено до ЕСМ-ЕВН Штип за утврдување на условите под кои треба да се извршиоваа активност. Доколку во текот на 2009 година овие услови бидат дефинирани, активноста ќе биде извршена.

При одржувањето на јавното осветлување во исправна состојба прв приоритет се дава на улиците околу градската болница, основните и средните училишта и детските градинки, како и на раскрсниците на главните улици и мостовите на реките Брегалница и Отиња.

Одржувањето на јавното осветлување во останатиот дел на градот ќе се врши по реони и секако по пријави што граѓаните можат да ги извршат секој

работен ден на телефон 032/ 22 66 35. Овде треба да напоменеме дека редовното одржување на јавното осветлување и во 2009 година ќе се извршува во селските населби каде постои јавно осветлување.

Покрај редовното одржување на јавното осветлување во исправна состојба, во 2009 година предлагаме да се продолжи со поставување на нови линии во деловите од градот и населените места каде истите се дотраени или ги нема.

Во врска со претходно кажаното, предлагаме во 2009 година да се изврши осветлување на неколку локации каде има изградено скали кои поврзуваат две улици, односно два реона, а кои досега никогаш не биле осветлени, односно ниту било предвидено да има осветлување на истите. Ова го предлагаме од причини што се многу чести барањата на граѓаните за осветлување на ваквите скали и премини. Ваков проблем има на повеќе локации во градот и тоа: на улица „Јаким Стојков“, на улица „Васил Догаџиски“ кон медицинското училиште, на улица „Сутјеска“ од град-скиот пазар кон улица Широк дол, од улица „Боро Арсов“ кон училиштето „Тошо Арсов“, како и на улица „Рудо“. Да напоменеме дека вредноста за овие инвестиции ќе се знае после изготвувањето на проекти и предлог пресметки за што Советот ќе биде дополнително информиран.

Во 2009 година се планира да се продолжи со реконструкција на јавното осветлување со замена на постоечките светлечки тела со нови кои трошат помалку енергија и емитираат помалку штетни гасови. За да се заокружи централното градско подрачје се планира да се продолжи со оваа активност на следните улици:

1. улица „Маршал Тито“ (на потегот од мостот кај Судот до Здравниот дом),
2. улица „Ванчо Прке“ заедно со раскрсницата накај Стопанска банка,
3. улица „Партизанска“ со раскрсницата „Дујле“,
4. улица „Партизанска“ од Нервното одделение до населба „Баби“,
5. раскрсница „Базалт“.

За завршување на овие активности се предвидува дека ќе бидат потребни средства во висина од околу 3.000.000,00 денари.

Број 0701-256/1 | Претседател
30 јануари 2009 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

27.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНА ШТИП
2009/14 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акционен план за правата на децата на Општина Штип 2009/14 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-257/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

28.

Врз основа на член 2 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 107/08), член 46 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНА ШТИП
2009/14 ГОДИНА

I

Се донесува Локален акционен план за правата на децата на Општина Штип 2009/14 година со следните **заклучоци**:

1. Советот да одлучува посебно за секоја поединечна активност од Локалниот акционен план за правата на децата на Општина Штип 2009/14 година.
2. Планот да се дополни со Информација за безбедноста на пристапите до училиштата односно безбедноста на децата од сообраќај. За имплементирање на безбедноста на децата да се повика на Сообраќајниот план кој е во постапка.
3. Кај индикаторот семејно насилство, освен податокот од Центарот за социјални работи да се додаде и податокот за жртвите на семејно насилство од Секторот за внатрешни работи презентиран на форумот за семејно насилство организиран од КЕМ.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-257/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

29.

ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНА ШТИП
2009/14 ГОДИНА

**Вовед**

За успешно остварување на детската заштита и унапредување на положбата и правата на децата во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, неопходно е изготвување на Акциони планови за правата на децата во секоја општина.

Локалниот акциониот план за правата на децата (ЛАПД) треба да биде базиран на утврдените потреби и приоритети во општината, како и на реалните материјални можности.

ЛАПД има за цел да ја потенцира улогата на децата на локално ниво и да даде апсолутен приоритет на нивните права и интереси. За успешна реализација на планот неопходно е вклучување на сите релевантни фактори и расположливи ресурси од општината. Инволвирањето на сите релевантни сегменти ќе овозможи мултидисциплинарен пристап во активностите кои ќе

бидат насочени кон заштита и унапредување на положбата и правата на децата.

Заштитата на децата е заснована на правата на децата како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Поддршката на заедницата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што сoодетствува со физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата, при што државата и единиците на локалната самоуправа се грижат во согласност со расположивите материјални можности да им помогнат на родителите во издржувањето, подигнувањето, грижата и заштитата на децата.

Со ЛАПД се потенцира потребата, заштитата на децата постојано да се подига на повисоко ниво, детето да стане субјект во заштитата и при тоа да му се обезбедува заштита и санкционирање на се што претставува кршење на човековите права на децата.

**Визија на општината**

**Штип општина по мерка на секое дете, посакувано место за живеење, град во кој децата ќе имаат заштита и унапредување на физичката, психичката и социјалната благосостојба**.

Во функција на имплементација на процесот на децентарализација во областа на детската заштита, Општина Штип изработи Локален акционен план за правата на децата. Во процесот на децентрализација општината претставува значаен фактор во остварување на потребите и интересите на граѓаните. Со Законот за локална самоуправа и процесите на децентрализација дел од обврските на РМ поминаа во надлежност на општините. Поради тоа тие треба да бидат рамноправни носители на активностите кои се преземат за имплементација на Конвенцијата за правата на детето, а со тоа и да се подели одговорноста помеѓу државната и локалната власт.

Учеството на локалната самоуправа е идентификувано во сите сегменти на нејзината надлежност: урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, спроведување и подготовка на мерки за заштита и спасување и противпожарната заштита. Учеството може да се остварува преку: формирање на бази на податоци и регистри, воспоставување поголема комуникација со централната власт, развивање на планови за акција итн.

**Локалниот акциониот план за правата на децата** со дефинираните активности ќе овозможи унапредување на положбата и правата на децата во

единиците на локалната самоуправа и претставува континуитет на Конвенцијата за правата на детето и Националниот план за акција за правата на децата во РМ 2006-2015 година.

Локалниот акционен план за правата на децата се однесува на периодот 2009-2014 година и всушност претставува развој на стратегија за изградба на општина по мерка на детето, што значи преземање на сите неопходни чекори кои на секое дете ќе му овозможат: активно учество во семејството, заедницата и општествениот живот, влијание врз одлуките кои се донесуваат во општината, задоволување на потребите (здравствена заштита, образование, дом, чиста вода за пиење итн.), заштита од експлоатација, насилство и злоупотреба, сигурност на улиците, овозможување на услови за собирање и игра, зелени површини, живот во чиста животна средина, учество во културните и општествени случувања, елиминирање на дискриминацијата поради етничка припадност, религија, социјална положба, род, хендикеп или по било која друга основа. Треба да се преземат сите мерки за заштита на децата од нелегална употреба или злоупотреба на наркотици, психотропни супстанци и прекурзори, забрана за вклучување на малолетните лица во вооружени судири и други воени дејства како и од верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата за политичко или верско организирање и дејствување.

Општината при распределбата на буџетските средства покрај другото, треба да стави акцент на потребите и правата на децата посебно оние што се соочуваат со тешка економска состојба. Промоција и десеминација на сознанијата за правата на децата. Пошироката јавност и децата преку едукацијата да стекнат вештини за самозаштита од разни видови на злоупотреби, насилство и експлоатација. Обезбедување на највисоко ниво на здравствена заштита со посебен акцент на превентивната здравствена заштита.

**Законска регулатива за детска заштита**

Основен документ со кој е уредено остварувањето на детската заштита во Република Македонија е **Законот за заштита на децата** („Службен гласник на РМ" број 98/2000, 65/04, 98/08 и 107/08), а со **Законот за локална самоуправа** („Службен гласник на РМ" број 05/02) член 22 точка 7 и општините се надлежни за вршење на работи од областа на социјалната заштита и заштитата на децата .

Според **Законот за заштита на децата**, заштитата на децата претставува организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и државата за планирање на семејството, обезбедување на услови и животен стандард што одговара на физичкиот,

менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Согласно овој закон заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита.

Врз основа на Законот за заштита на децата, Владата на Република Македонија на почетокот на секоја година донесува **Програма за развој на заштитата на децата**.

Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Нејзиното остварување е во согласност со Буџетот на Република Македонија како и одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

Врз остварувањето на заштитата на децата, индиректно влијаат и одредени развојни документи на Владата на Република Македонија: Макроекономската политика на Република Македонија, Програмата за работа на Владата на Република Македонија, како и други акти со кои се имплементираат стратешките приоритети на Републиката.

Во реализацијата на заштитата на децата значајно место имаат и Конвенцијата за правата на детето и други конвенции и протоколи, потоа Милениумските развојни цели на ОН во делот на првата развојна цел: намалување на сиромаштијата и други документи со што се врши постапно приближување кон законодавството на ЕУ.

Република Македонија како членка на Обединетите нации, потписник на Конвенцијата за правата на детето и Светскиот план за акција го изработи Националниот план за акција за правата на децата во РМ 2006-2015 година.

Од сите овие документи ја издвојуваме Конвенцијата за правата на детето која е донесена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 20.11.1989 година, а РМ ја ратификува во 1993 година. Со ратификацијата се преземаат обврски од страна на државата, стандардите од Конвенцијата да се земат предвид при развивање на политики и имплементација на активности. Поради тоа и ЛАПД се потпира на основните принципи утврдени со конвенцијата:

1. **Забрана на дискриминација** е обврска на сите органи и поединци, а непочитувањето на обврската се санкционира. На локално ниво тоа значи:промоција на принципот преку дефинирање на политиките и стратегиите, донесување одлуки и спроведување на активности за практикување на сите права од страна на сите деца и дефинирање на механизми и процедури за заштита на детето од било кој облик на дискриминација.

2. **Најдобар интерес за детето** е принцип со примарно значење и апсолутен приоритет при креирањето на политики, донесување одлуки и преземање на мерки и активности кои се однесуваат на децата. На локално ниво тоа значи:внесување на овој принцип во сите одлуки и активности кои се поврзани со децата или ќе имаат последици врз децата и давање на приоритет на интересите на децата.

3. **Партиципација на децата** е принцип кој обврзува да се слушне мислењето на децата и да биде земено во предвид при донесувањето на одлуките и планирањето на активностите. На локално ниво тоа значи: детето да се третира како субјект и носител на правата и обврските, на децата да им се овозможи пристап до сите информации кои се значајни за нив, да им се даде можност да учествуваат во донесувањето на одлуките кои се значајни за нив и можност да го изразат своето мислење на сите демократски начини (мирно собирање, детски здруженија, организации, преку училиштата, месните заедници итн.)

4. **Опстанок и развој** е принцип кој ги обединува претходно споменатите принципи и треба да биде овозможен до највисок можен степен. На оваа скала животот и преживувањето се само основна компонента. На локално ниво опстанокот подразбира пристап до здравствена заштита и здравствени услуги што е услов за намалување на смртноста на бебињата и децата, обезбедување на примарна здравствена заштита, намалување на неисхранетоста, обезбедување на чиста вода, обезбедување на здравствена заштита на мајките и децата, промоција на превентивни стратегии и планови за здравствена заштита итн.

Развојот претставува пристап до сите ресурси кои им се потребни на децата за активирање на својот потенцијал и притоа се мисли на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој. Државната и локалната власт треба да имаат разбирање и чувство за развојните потреби на децата во доменот на образованието, животниот стандард, социјалната заштита итн.

**Партнерство за ЛАПД на Општина Штип**

Социјалното партнерство овозможува сеопфатно истражување на состојбите на целните групи, каде секој од социјалните партнери придонесува со предлагање и изнаоѓање на проблемот. Секој од социјалните партнери треба да ги следи состојбите и движењата на оние целни групи за кои може да обезбеди најсоодветни и најточни податоци. Социјалните партнери се селектирани врз основа на нивното предходно искуство и експертиза во областа на детската заштита. Тие ги ставаат на располагање резултатите од

нивните досегашни истражувања, во иднина треба да бидат носители на активностите за спроведување на дополнителни истражувања за конкретни целни групи, да ги пренесат нивните искуства во изработка на акционите планови, да ја обезбедат граѓанската партиципација во подготовката на акциониот план, што ќе го направи прифатлив и апликативен односно применлив.

Утврдена е методологија за работа и распределени се задачи за секој од социјалните партнери. Општината е носител на Акциониот план и координатор на активностите.

За успешна соработка помеѓу заинтересираните страни (стакехолдерс) општината **формира координативно тело** кое ќе има постојан увид во изготвувањето и реализирањето на ЛАПД, како и на состојбите и потребите на децата на ниво на општината.

Во Општината Штип формирано е координативно тело кое го сочинуваат:

1. Цвета Давиткова-координатор, советник во Советот на Општина Штип, член на Комисијата за права на децата
2. Драги Илиев-претседател на Советот на Општина Штип, член на Комисијата за права на децата
3. Борче Коцев-советник во Советот на Општина Штип, член на Комисијата за права на децата
4. Валентина Дрмова-советник во Советот на Општина Штип, член на Комисијата за права на децата
5. Данче Николовска-Вратеовска-советник во Советот на Општина Штип, член на Комисијата за права на децата
6. Вилијам Стојменов-претседател на Комисија за спорт, советник во Советот на Општина Штип
7. Весна Стаменова-помлад соработник за социјална, детска и здравствена заштита во локалната самоуправа
8. Кирил Панајотов-советник за образование во локалната самоуправа
9. Марина Јовановиќ- соработник за ЛЕР во локалната самоуправа
10. Наталија Панова-ЈУ МЦСР Штип
11. Д-р Александра Србиновска-ЗЗЗ Штип
12. Илија Наков-ЈП "Штип-проект"
13. Миланчо Ѓеоргиев-Центар за култура "Ацо Шопов"
14. Снежана Санева-СВР Штип
15. Елизабета Симоновска-ОЈУДГ „Астибо"
16. Виолета Јакимовска-ОЈУДГ „Вера Циривири-Трена"
17. Олгица Милева-ОУ „Ванчо Прке"
18. Цветанка Николава-ОУ „Гоце Делчев"

19.Лидија Јовановска-ОУ „Димитар Влахов”
20.Наташа Максимова-ОУ „Тошо Арсов”
21.Тања Кокотова-СОУ Гимназија „Славчо Стојменски”
22.Славе Трајков-СОУ „Јане Сандански”
23.Лидија Кишишева-СОУ „Коле Нехтенин”
24.Данче Велковска-СОУ „Димитар Мирасчиев”
25.Гордана Лазева-ЦССОВ „Искра”
26.Лилјана Неделковска-ДСМУ „Сергеј Михајлов”
27.Марина Шуманска-НВО „Детелинка”

**Главни активности** на координативно тело:

- идентификација на потребите на децата на ниво на општината,
- увид и располагање на релевантни податоци,
- анализа на податоци и состојби,
- вршење на споредбени анализи,
- идентификување на приоритетните интревенции ,
- идентификување на релевантни социјални сили (институциите, НВО, приватен сектор, инт.),
- следење, утврдување и анализа на постигнати резултати и реализирани активности од имплеменирањето на ЛАПД.

**Изработка на акционен план**

Прв чекор во планирањето е согледувањето на постоечките состојби. Без точно, реално согледување на состојбите не е можно да се утврдат приоритетите и насоките за делување. Социјалното партнерство е основен предуслов за квалитетно утврдување на состојбите. Тоа овозможува сеопфатно истражување на состојбите кај секоја целна група, каде секој од социјалните партнери дава свој придонес. Секој од партнерите треба да се обврзе да ги следи состојбите и движењата на оние целни групи за кои може да обезбеди најсоодветни и точни податоци. Добро е да се обезбеди и комбинација, каде повеќе институции помеѓусебе би ги проверувале информациите кои ги поседуваат.

За секој од определените индикатори треба да се соберат податоци, да се обработат и да се даде соодветна анализа на состојбата. Ваквата анализа треба да спореди со сличните анализи од други општини на ниво на Републиката, како и со податоци од други земји.

Врз основа на анализата се утврдуваат приоритетите, се почнува со процесот на планирањето на активностите во насока на решавањето или намалувањето на проблемите.Планирањето на активностите се прави откако ќе се утврдат **целите** кои сакаме да ги постигнеме и ги оствариме посакуваните резултати. Целите треба да се мерливи, реални и остварливи.

Секоја активност треба да биде пресметана во пари и на крајот ќе добиеме конечен буџет на целокупната програма која е насочена кон решавањето на проблемот.На крајот на предвидениот период, најчесто една година, се споредува планираното со оствареното. Дали се направени планираните активности, дали се направени во обемот колку што се планирани, дали се потрошени толку средства колку се планирани и конечно **дали е постигната целта**.

Доколку дојде до неисполнувањето на целта, треба да се направи анализа зошто целта не е постигната и покрај можеби исполнетите активности кои биле планирани.

Секогаш е добро да се споредите со слични општини и утврдите каква е нашата позиција во споредба со другите. При тоа е добро што заеднички се утврдени индикаторите.

ЛАПД го изготвува координативното тело, го усвојува Советот на Општина Штип, а се однесува за периодот 2009-2014 година.

## Механизми за остварување на партиципацијата на децата

Во координативното тело се вклучени претставници од сите градинки, основни и средни училишта во нашиот град. Од нив се очекува потребите и мислењата на децата да ги имаат во предвид при предлагањето на приоритетите и спроведувањето на активностите.

Освен овој начин на добивање на сознанија за мислењето на децата, за одредени прашања може да се спроведе и анкета преку образовните институции од страна на Комисијата за правата на децата.

Децата ќе бидат информирани дека во секое време можат да доставаат барања и иницијативи до комисијата.

## Мониторинг и евалуација

Евалуација за секоја поединечна активност ќе вршат носителите на активностите (одговорните страни за имплементација), а мониторинг Комисијата за права на децата на Советот на Општина Штип и Советот на Општина Штип.

## СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА:

### *1. Постоечка состојба*

(податоците се однесуваат за 2007 година).

Врз основа на претходно избрани индикатори, побарани се податоци од повеќе јавни институции во градот од сите општествени области (образование, култура, здравство, безбедност, урбанизам, спорт, екологија) преку кои ќе се согледа постоечката состојба и начинот, условите и квалитетот на општественото вклучување на децата во Штип.

Од областа на образованието податоци дале четири основни и четири средни училишта.

| Име на училиште | **Корисна површина** | **Број на деца** | **Број на деца со завршено (ОУ и СУ)** | **Број на деца со пречки во развој** | **Дефектолози и обучен кадар** | **Безбедност на излезите на училиштето** | **Број на смени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОУ Т. Арсов | 2606 м2 | 863 | 102 (сите завршиле) | *** | *** | не ги задоволува стандардите | 2 |
| ОУ В.Прќе | 6500 м2 | 1350 | Сите запишани го завршиле ОО | 11 | 6 | ги задоволува стандарди | 2 |
| ОУ Г.Делчев | 2986 м2 | 695 | 151 запишани,<br>91 завршени | 10 | 1 | ги задоволува стандарди | 2 |
| ОУ Д.Влахов (нас.Сењак) | 5372 м2 | 915 | 113 (сите завршиле) | 6 | 4 обучени лица | делумно ги задоволува | 2 |
| ОУ Д.Влахов (нас.Баби) | 1816м2 | 479 | 145 (сите завршиле) | | | делумно ги задоволува | 2 |
| СОУ Ј.Сандански | 2641,43 м2 | 936 | 230 | *** | *** | ги задоволува стандардите | 2 |
| СОУ Д.Мирасчиев | 5247м2 | 540 | 580 запишани<br>540 заврени | *** | *** | не ги задоволува стандардите | 2 |
| СОУ Гимназија С.С | 3472м2/1813м2 двор | 696 | 167 I год.. 298 II год. | *** | *** | ги задоволува стандардите | 2 |
| СОУ К.Нехтенин | 8500 м2 | 760 | 760 запишани<br>741 заврени | *** | *** | не ги задоволува стандардите | 2 |

Врз основа на поставените индикатори (број на семејства кои примаат социјална помош, пријавено семејно насилство, број на центри за деца со пречки во развојот) од областа на социјалната грижа и заштита на децата од Штип, Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа ги даде следните податоци:

**********************************************************************************************************************

***- На територијата на Општина Штип функционира еден Дневен центар за деца со посебни потреби за дневно и привремено сместување и згрижување.***

***Моментално го посетуваат 16 деца.***

***- Бројот на семејни корисници на социјална парична помош во 2007 година изнесува 985 семејства.***

***- Во текот на 2007 година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа има пријавено 7 случаи на извршено семејно насилство, додека според податоците од МВР СВР Штип овој број изнесува 120.***

**********************************************************************************************************************

Врз основа на испитувањата за квалитетот на водата за пиење, бројот на имунизирани деца, кои се најчестите заболувања и колкав е бројот на смртноста кај децата до 19 годишна возраст, Заводот за здравствена заштита ги даде следните податоци:

**********************************************************************************************************************

***- Водоснабдувањето на град Штип и нас. Три чешми, во текот на 2007 година беше уредно и квалитетно.***

***Од вкупно земени 573 мостри вода 0,6 %(четири) биле бактериолошки неисправни.***

***(46 000 жители пијат квалитетна и безбедна вода).***

***- Од селата со сопствени локални водоснабдителни објекто од земени 446 мостри 8,3% или 37 биле хемиски неисправни,додека кај 79 мостри или 17,7 % биле бактериолошки неисправни поради присуство на ентеропатогени и други бактерии.***

***Селата каде водоснабдувањето е од јавни чешми од земени 63 мостри 28 се бактериолошки неисправни.***

**********************************************************************************************************************

**Процент на на имунизирани деца по заболувања:**

| Болест | % на вакцинирани |
|---|---|
| БСЖ | 98,8 |
| Б хепатит | 91,2 |
| Ди-те-пер (6 месеци) | 98,6 |
| Ди-те-пер (претшколски) | 98,5 |
| Ди-те-пер (школски) | 97,9 |
| Полио | 98,8 |
| Тетанус | 98,3 |
| МРП | 97,6 |
| МРП-ревакцинација | 97,9 |
| Рубеола | 97,1 |

**Најчести заболувања кај децата во 2007 година**

| Заболувања | Број на заболени |
|---|---|
| Болести на органи за дишење | 19 134 |
| Болести на органи за варење | 2 550 |
| Болести на кожата и поткожно ткиво | 1 534 |
| Повреди | 864 |
| Болести на окото | 834 |
| Болести на крвта | 624 |
| | |
| | |
| | |
| | |

Стапка на морбидитет:

- вкупен број на деца од 0-19 години - 12485
- вкупно регистрирани болести – 30966

***2,4803 болести на 10 000 деца***

Стапка на морталитет:

- умрени 6 деца ( до 14 години)

***0,0005 умрени на 10 000 деца***

*****************************************************************************************************************

Од областа на урбаното уредување на општината и површините кои се уредени за паркови и зеленило и детски игралишта во градското подрачје констатирана е следната постоечка состојба:

1. ***Осум површини, со вкупно 227,834 м2 површина, кои спаѓаат во паркови и зеленило.***
2. ***Единаесет игралишта за деца со вкупна површина од 3050м2.***

*****************************************************************************************************************

Бројот и видот на културните манифестации кои се имаат одржано во Националната установа Центар за култура ,,Ацо Шопов,,-Штип за 2007 година се состои од:

***1. Една театарска претстава - одиграна 12 пати.***

***2. Балетски претстави ( учество на балетски групи од РМ) -два настапи.***

***3. Музички настапи („ПОП-ФЕСТ 2007,Завршен годишен концерт на децата од НМУ,Хуманитарен концерт за децата со посебни потреби) - четири настапи.***

***4. Други настапи ( завршни приредби на детски градинки,изложби,избор на „Мис - јуниор,, ) - четири настапи.***

*****************************************************************************************************************

Од претходно наведените податоци добиени од повеќе јавни институции во градот може да се констатира следната состојба:

1. Основните и средните училишта ги имаат скоро сите услови за непречено одвивање на наставниот процес. Во неколку училишта не се обезбедени сите услови за безбеден пристап. И покрај констатираните недостатоци во поглед на безбедноста на училишните пристапи во овој акционен план нема да се предвидат активности од оваа област, бидејќи во тек е изработка на Локален акционен план за безбедност во сообраќајот за Општина Штип 2009/2014 во кој ќе бидат предвидени вакви активности.

   Во неколку училишта не постои стручен кадар (дефектолог), за обучување на деца со одредени недостатоци.

2. Од податоците добиени од ЗЗЗ-Штип, околу 46 000 жители во градот користат квалитетна вода за пиење, додека некаде околу 5000 жители од селата, од кои во најлоша состојба се околу 800 жители користат вода од бунари и јавни чешми.
3. Во однос на стапката на видот и бројот на заболувањата, околу 19.134 деца биле заболени од болестите на органите за дишење,а најмал процент на вакцинирани деца се од болеста Б-хепатит.
4. Вкупниот број на културни настани (театарски претстави, балетски претстави, концерти и други настани) за деца за 2007 година изнесува 23.
5. Во Програмата за ран детски образовен развој, која се изведува во предучилишните установи вклучени се 623 деца во градинката „Астибо“.
6. Површините кои се одредени за паркови и зеленило и детски игралишта се наоѓаат само во градската средина.
7. Бројот на спортските манифестации и условите за нивно одвивање е неодреден.

**Приоритети:**

1. Подобрување на условите за безбеден пристап до училиштата.
2. Зголемување на бројот на лица обучени за работа со деца со хендикеп.
3. Отворање на Центар за советување и помагање на деца со проблеми од семејно или било каков друг вид на насилство.
4. Изградба на канализациона и водоводна мрежа во селата каде што е потребно.
5. Поголемо информирање на родителите и децата за значењето на имунизирањето, посебно од вакцината за Б-хепатитот и ХПВ вирусот и зголемување на процентот на имунизирани од таа болест.
6. Поголемо информирање за превенирање од болестите на дишните органи.
7. Изработка на повеќе театарски претстави за деца. Изработка на куклени претстави за предшколски деца. Вклучување на поголем број на деца и младинци во нивното реализирање.
8. Вклучување на поголем број на деца во програмата на ран детски образовен развој.
9. Подобрување на квалитетот на детските игралишта и парковите, со вклучување на децата во нивното одржување.Градење на детски игралишта и паркови и во руралните средини.
10. Изградба на спортски рекреативен центар и зголемување на бројот на спортските манифестации.

**1.ОБРАЗОВАНИЕ**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОВИСОК КВАЛИТЕТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

| 1. | Специфична цел | Активности | Носител на активноста | Индикатори за мерење на успешноста | Буџет за оствар. | Временска определба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.Подобрување на условите и услугите во предучилишното образование | 1.1.1.Иницијатива за зголемување на простор-ниот капацитет во ЈУДГ „Астибо” клон Сењак; | ЈУДГ од Штип МТСП, ЛС, ЈП „Штип-проект” | Доградени простор во ЈУДГ „Астибо” клон Сењак; | капитална инвестиција | 2009 |
| | | 1.1.2.Обезбедување на услови за формирање на групи на деца со посебни потреби | ЈУДГ од Штип, МТСП | Формирани групи на деца со посебни потреби | буџет на МТСП | 2009/2010 |
| | | 1.1.3.Обезбедување на услови за продолжен престој на деца со посебни потреби | ОУ и ЈУДГ од Штип, МТСП | Обезбедени услови за продолжен престој на деца со посебни потреби | буџет на МТСП | 2009/2010 |
| | | 1.1.4. Спроведување на едукација на родителите кај ромската заедница за вклучување на децата во предучилишното и училишното образование | ЈУГД, ОУ,НВО, ЛС | -Спроведена едукација на родителите кај Ром-ската заедница за вклучување на децата во предучилишното и училиш. образование<br>-Број на вклучени деца во предучилиш-ното и училишното образование | донација | континуирано |
| | 1.2.Опфаќање на по-голем број на деца во предучилишните установи и вклучу-вање во Програмата на ран детски развој | 1.2.1.Истражување колку деца не посетуваат предучилишни установи | ЈУДГ од Штип,НВО, Комисија за правата на децата | -Вклучени поголем број на деца во предучилишните установи и во Програмата на ран детски развој | буџет на МТСП | континуирано |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.2.2.Промоција на про-грамата за ран детски развој | ЈУДГ од Штип,НВО | -Вклучени поголем број на деца во пред-училишните установи и во Програмата на ран детски развој | буџет на МТСП | континуирано |
| | 1.3.Подобрување на условите во основните и средните училишта | 1.3.1.Иницијатива за ре-новирање на ОУ „Тошо Арсов" подрачно учили-ште „Кирил и Мето-диј" во населба „Македонка" | МОН,ЛС, ЈП „Штип-проект" | -Подобрени условите за одвивање на настав-ниот процес во ОУ „Тошо Арсов" подрач-но училиште „Кирил и Методиј" во населба „Македонка" | капитална инвестиција | 2009 |
| | | 1.3.2.Иницијатива за зголемување на простор-ниот капацитет на ОУ „Димитар Влахов" по-драчно училиште во населба „Баби" | МОН,ЛС, ЈП „Штип-проект" | Доградeн простор во ОУ „Димитар Влахов" подрачно училиште во населба „Баби" | капитална инвестиција | 2009 |
| | | 1.3.3.Иницијатива за комплетирање на струч-ни тимови (психолог, педагог, социјален работник) во училиштата | Осн. и средни училишта во Штип, Комисија за правата на децата | Комплетирање на стручни тимови и нивно функционирање | | март 2009 |
| | | 1.3.4.Иницијатива за спроведување на образовен процес во Дневниот центар за деца со посебни потреби | ЈУМЦСР Штип | Спроведување на образовен процес во Дневниот центар за деца со посебни потреби | | континуирано |
| | | 1.3.5 Иницијатива за отворање на паралелка за деца со аутизам | ЛС,ОУ | Функционирање на паралелка за деца со аутизам | | 2009 |

**2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА ДЕЦАТА**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ:ДЕТЕ КОЕ МОЖЕ ДА ГИ ОСТВАРИ СВОИТЕ ФОРМАЛНИ ПРАВА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 2.1. Намалување на бројот на деца без изводи од матична евиденција и без здравствена легитимација | 2.1.1.Обезбедување на изводи од матична евиденција и здравствена легитимација за секое дете | ЈУМЦСР Штип | Намален број на деца без изводи од матична евиденција и без здравствена легитимација | буџет на МТСП | континуирано |
| | 2.2.Адекватен третман на децата со посебни потреби | 2.2.1.Иницијатива за одредување на локација и започнување на изградба на објект за Дневен центар за лица изложени на социјален ризик (посебни потреби, болести на зависност итн.) | ЛС,МТСП ЈУМЦСР Штип,ЈП „Штип-проект” | Одредена локација и изграден објект за Дневен центар за лица изложени на социјален ризик | капитална инвестиција | 2009-2014 |
| | | 2.2.2. Иницијатива за активирање на сојузот за грижи и воспитување на децата | ЛС | Активен сојуз за грижи и воспитување на децата | | март 2009 |

3. **СЕМЕЈСТВОТО КАКО СТОЛБ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ:СЕКОЕ ДЕТЕ ДА ЖИВЕЕ ВО СЕМЕЈСТВО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | 3.1.Потенцирање на улогата на семеј-ството во одгледува-њето и воспитувањето на децата | 3.1.1.Организирање на кампањи за јакнење на свеста од потреба за згрижувачки семејства | НВО | Зголемен број на згрижувачки семејства | донација | континуирано |
| | | 3.1.2.Јакнење на свеста за вредноста и значењето на квалитетното семејно воспитување за здрав развој на децата (организирање на трибини, работилници, медиумски кампањи итн.) | НВО | Спроведени трибини, работилници и медиумски кампањи и број на учесници | донација | континуирано |
| | | 3.1.3. Развој на култура на одговорни и компетентни родители, развој на ставови за родителството како улога која се учи и претставува цел на учење во текот на целиот живот преку организирање на трибини, работилници, медиумски кампањи итн. | НВО | Спроведени трибини, работилници и медиумски кампањи и број на учесници | донација | континуирано |

**4. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА ДЕЦАТА**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ:ЗАЧУВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ДЕЦАТА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | 4.1. Унапредување на здравствената култура кај децата | 4.1.1. Припреми и спроведување на здравствено-превентивни активности. Одбележување на денови за борба против одредени заболувања:шеќерна болест, кардиоваскуларни болести, карциноми, ментално здравје, туберколоза и градни болести, болести на зависности, СИДА итн. | НВО, ЈЗУ, ОУ, СУ, ЛС | Број на деца учесници во креирањето, спроведувањето и пратењето на здравствените превентивни програми | донации и ЈЗУ | континуирано |

5. **КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА ДЕЦА**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ:КУЛТУРА И СПОРТ ДОСТАПНИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | 5.1.Зголемување на бројот на културните манифестации за деца | 5.1.1 Иницијатива за отворање на театар за деца и младинци | НУЦК,ЛС и НВО | Функционирање на театар за деца и младинци | | мај 2009 |
| | | 5.1.2. Организирање манифестација „Младите за поетот” со учество на учениците од градот | НУЦК,ОУ, СУ, ЛС (Дом на млади) и НВО | Одржана манифестација и број на учесници | 50 000,00 ден. | април (во чест на Ацо Шопов) |
| | | 5.1.3. Организирање мани-фестација „Фестивал на пролетта” (априлијада, цртање, музички манифестаци, балетски групи и др. манифестации во траење од 2-3 дена) | ЛС,ЈУГД, ОУ, СУ, НВО | Одржана манифестација и број на учесници | 50 000,00 | април |
| | 5.2. Зголемување на бројот на спортските манифестации за деца | 5.2.1 Организирање на спортски турнири од сите дисциплини во склоп на „Фестивал на пролетта” | ЛС, ОУ, СУ | Одржани спортски турнири од сите дисциплини | 35 000,00 | април |
| | | 5.2.2. Организирање на регионален, традициналеn спортски турнир за деца со посебни потреби | ЛС | Одржан регионален спортски турнир за деца со посебни потреби | 70 000,00 | мај |

**6. УРБАНИСТИЧКО УРЕДУВАЊЕ И ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ДЕЦА**

СТРАТЕШКА ЦЕЛ:ПАРКОВИ, ИГРАЛИШТА И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ЗА СИТЕ ДЕЦА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 6.1.Зголемување на бројот на детски игралишта и зелени површини во градот и руралните средини | 6.1.1. Иницијатива за реновирање на постоечките детски игралишта | ЛС, ЈП „Штип-проект” | Реновирани постоечките детски игралишта | буџет на ЛС | 2009 |
| | | 6.1.2. Иницијатива за изградба на нови детски игралишта во градот и руралните средини | ЛС, ЈП „Штип-проект” | Изградени нови детски игралишта во градот и руралните средини | буџет на ЛС | 2009-2014 |
| | | 6.1.3 Подигнување на свеста на децата и возрасните за зачувување на парковите, игралиштата и зелените површини преку медиумска кампања | ЛС, ЈП „Штип-проект”, ЈП „Исар”, НВО | | 60.000,00 | Континуирано |
| | **вкупно** | | | | 265.000,00 д. | |

30.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ
НА БАРАЊЕТО ОД ЈП „ИСАР“-ШТИП

ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНВЕСТИЦИОНО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПАТ ДО ГЛАВНАТА ПРЕПУМПНА СТАНИЦА ВО БЛИЗИНА НА НАСЕЛБА „БАБИ“
2009/14 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од ЈП „Исар“-Штип за предвидување на средства за изработка на инвестиционо-техничка документација и изградба на пат до главната препумпна станица во близина на населба „Баби“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-258/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

31.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНВЕСТИЦИОНО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПАТ ДО ГЛАВНАТА ПРЕПУМПНА СТАНИЦА ВО БЛИЗИНА НА НАСЕЛБА „БАБИ“

I

Се прифаќа Барањето од ЈП „Исар“-Штип за предвидување на средства за изработка на инвестиционо-техничка документација и изградба на пат до главната препумпна станица во близина на населба „Баби“ со следниот **заклучок**:

- Да се задолжи ЈП „Штип-проект“ и Одделение за урбанизам и аштита на животната средина да се изготви проектна документација и предмер пресметка за изградба на пристапен пат до главната препумпна станица.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-258/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

32.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ
НА БАРАЊЕТО ЗА ПОПРАВКА НА
ПАРНОТО ГРЕЕЊЕ (ПАРЕН КОТЕЛ НА ДРВА)
ВО ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето за поправка на парното греење (парен котел на дрва) во ООУ „Димитар Влахов“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-259/2
5 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

33.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОПРАВКА НА ПАРНОТО ГРЕЕЊЕ (ПАРЕН КОТЕЛ НА ДРВА) ВО ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП

I

Се прифаќа Барањето за поправка на парното греење (парен котел на дрва) во ООУ „Димитар Влахов“-Штип со следните **заклучоци**:

- Се прифаќа и Барањето за реконструкција на парната инсталација на спортската сала во ОУ „Димитар Влахов“-Штип.
- ОУ „Димитар Влахов“ да распише тендер, а најповолниот понудувач да биде платен од средствата од Буџетот на Општина Штип.
- За наредната седница на Советот на Општина Штип да се изготви предлог-одлука.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-259/1
30 јануари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

34.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСОВА ПОДДРШКА НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето за еднократна финансова поддршка на ФК „Брегалница 2008“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-260/2
5 февруари 2009 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

35.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 1/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јануари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА
ЕДНОКРАТНА ФИНАНСОВА ПОДДРШКА
НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“-ШТИП

I

За успешно завршување на сезоната 2008/2009 година на ФК „Брегалница 2008“-Штип за подмирување на најнеопходните трошоци за натпреварување на клубот во сениорска, младинска, кадетска и пионерска конкуренција од Буџетот на Општина Штип за 2009 година се доделува финансиска поддршка од 1.500.000,00 денари.

Средствата од став 1 ќе се пренесуваат на ФК „Брегалница 2008“ почнувајќи од месец јануари до јуни 2009 година по 250.000,00 денари месечно.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-260/1
30 јануари 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,

Драги Илиев, с. р.

36.

Врз основа член 92-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ број 67/04) и член 1 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), градоначалникот на Општина Штип на 9 јануари 2009 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР
НА СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ – ШТИП

1. Се овластува Училишниот одбор на СОУ „Јане Сандански“-Штип да објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.
2. Јавниот оглас изготвен согласно одредбите на член 92-а став 2 од Законот за средно образование да се објави во дневниот печат.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-68/1
9 јануари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 1. | Решение за објавување на Одлука за овластување потписник на Спогодбата за уредување на начинот и роковите на плаќање на долговите на ЈП „Исар“ кон ЕВН Македонија ад Скопје | 1/1 |
| 2. | Одлука за овластување потписник на Спогодбата за уредување на начинот и роковите на плаќање на долговите на ЈП „Исар“ кон ЕВН Македонија ад Скопје | 2/1 |
| 3. | Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип | 2/1 |
| 4. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип | 3/1 |
| 5. | Решение за објавување на Одлука за изградба на сообраќајна постојка на ул. „Васил Главинов“ | 4/1 |
| 6. | Одлука за изградба на сообраќајна постојка на ул. „Васил Главинов“ | 5/1 |
| 7. | Решение за објавување на Одлука за преземање на основачките права на Работнички универзитет „Ванчо Прке“-Штип | 6/1 |
| 8. | Одлука за преземање на основачките права на Работнички универзитет „Ванчо Прке“-Штип | 6/1 |
| 9. | Решение за објавување на Одлука за доделување финансиски средства | 7/1 |
| 10. | Одлука за доделување финансиски средства | 8/1 |
| 11. | Решение за објавување на Одлука за доделување финансиски средства за лекување | 9/1 |
| 12. | Одлука за доделување финансиски средства за лекување | 10/1 |
| 13. | Решение за објавување на Решение за именување членови на УО на ФК „Брегалница 2008“ | 10/1 |
| 14. | Решение за именување членови на УО на ФК „Брегалница 2008“ | 11/1 |
| 15. | Решение за објавување на Решение за именување на членови на УО „Тошо Арсов“-Штип | 15/1 |
| 16. | Решение за именување на членови на УО „Тошо Арсов“-Штип | 13/1 |
| 17. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07. до 30.09.2008 година | 13/1 |
| 18. | Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07. до 30.09.2008 година | 14/1 |
| 19. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Програма за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови за 2008/2009 година | 15/1 |
| 20. | Заклучок за донесување на Програма за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови за 2008/2009 година | 15/1 |
| 21. | Програма за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови за 2008/2009 година | 16/1 |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2009 година | 23/1 |
| 23. | Заклучок за донесување на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2009 година | 24/1 |
| 24. | Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2009 година | 25/1 |
| 25. | Решение за објавување на Програма за јавно осветлу-вање за 2009 година | 28/1 |
| 26. | Програма за јавно осветлување за 2009 година | 28/1 |
| 27. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Локален акционен план за правата на децата на Опш-тина Штип 2009/14 година | 31/1 |
| 28. | Заклучок за донесување на Локален акционен план за правата на децата на Општина Штип 2009/14 година | 31/1 |
| 29. | Локален акционен план за правата на децата на Општина Штип 2009/14 година | 32/1 |
| 30. | Решение за објавување на Заклучок за прифаќање на Барањето од ЈП „Исар“-Штип за предвидување на средства за изработка на инвестиционо-техничка документација и изградба на пат до главната препумпна станица во близина на населба „Баби“ | 50/1 |
| 31. | Заклучок за прифаќање на Барањето од ЈП „Исар“-Штип за предвидување на средства за изработка на инвестиционо-техничка документација и изградба на пат до главната препумпна станица во близина на населба „Баби“ | 51/1 |
| 32. | Решение за објавување на Заклучок за прифаќање на Барањето за поправка на парното греење (парен котел на дрва) во ООУ „Димитар Влахов“-Штип | 52/1 |
| 33. | Заклучок за прифаќање на Барањето за поправка на парното греење (парен котел на дрва) во ООУ „Димитар Влахов“-Штип | 53/1 |
| 34. | Решение за објавување на Заклучок за прифаќање на Барањето за еднократна финансова поддршка на ФК „Брегалница 2008“-Штип | 53/1 |
| 35. | Заклучок за прифаќање на Барањето за еднократна финансова поддршка на ФК „Брегалница 2008“-Штип | 54/1 |
| 36. | Решение за овластување на Училишниот одбор на СОУ „Јане Сандански“ – Штип | 55/1 |